# Повик за
# Експерт за тематски форум

Локална Акциона Група Скардус во рамките на своите програмски активности и во соработка со Општина Јегуновце го спроведува проектот "Градење на функционално партнерство меѓу локални институции, бизнис сектор и НВО". Проектот е финансиран од ЕВРОТИНК - Скопје во рамките на вториот повик на "ИПА 2 механизам за граѓански организации - IPA2CSO" проектот. Целта на проектната апликација е да се изгради функционално партнерство меѓу локални институции, бизнис сектор и НВО" со цел да се подобри економската состојба на територијата на која делува ЛАГ Скардус.

Во рамките на проектот "Градење на функционално партнерство меѓу локални институции, бизнис сектор и НВО" на **20.06.2018** г. ќе се реализира ТЕМАТСКИ ФОРУМ.

За таа цел се распишува повик со Реф. Бр. 0308-232/10 за Експерт за тематски форум.

Врз основа на потпишаниот договор, средствата ќе бидат исплатени на сметка на Експертот по завршувањето на тематскиот форум. Врз основа на договорот, аванс нема да биде предвиден за исплата. Во понудената цена треба да бидат вклучени сите оперативни трошоци, средства за средби, и слично.

Сите заинтересирани физички и правни лица би требало да ги испратат следните документи:

- Стручна биографија (физички лица)
- Тековна состојба не постара од 6 месеци (правни лица) со стручна биографија од експертот вклучен во тематскиот форум во име на правното лице.

Потребната документација треба да се испрати најдоцна до 01.06.2018 година до 16.00 часот на следниот маил lag.skardus@gmail.com со назнака за "Повик Реф. Бр. 0308-232/10".

Избраниот кандидат ќе биде контактиран до 06.06.2018 година.

За повеќе информации слободно контактирајте не на 078 279 067, лице за контакт Дубравка Ѓилас.

Со почит,

Дубравка Ѓилас
Проектен координатор